...



# Статистичко истражување за слободни работни места

## PC_ACPM_Q_MK_2021_0

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за плати | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Јане Мирчески | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Помлад соработник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| jane.mirceski@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 02/3295-835 | |
| **1.8** | **Факс** |
| | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 31/12/2021 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 31/12/2021 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 18/01/2022 | |

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Податоци за број на вработени лица, број на слободни работни места, стапка на слободни работни места.

### 3.2 Систем на класификации

- Национална класификација на дејности - НКД Рев.2;

- Национална класификација на занимањата, 2015.

### 3.3 Опфат на сектор/и

Секторите од Б до О од Националната класификација на дејности - НКД Рев 2.

B/Б - Рударство и вадење на камен

C/В - Преработувачка индустрија

D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација

E/Д - Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината

F/Ѓ - Градежништво

G/Е - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли

H/Ж - Транспорт и складирање

I/З - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна

J/Ѕ - Информации и комуникации

K/И - Финансиски дејности и дејности на осигурување

L/Ј - Дејности во врска со недвижен имот

M/К - Стручни, научни и технички дејности

N/Л - Административни и помошни услужни дејности

O/Љ - Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување

P/М - Образование

Q/Н - Дејности на здравствена и социјална заштита

R/Њ - Уметност, забава и рекреација

S/О - Други услужни дејности

| 3.4 | **Статистички концепти и дефиниции** |
|---|---|

Слободното работно место може да биде новоформирано платено работно место, незафатено или веќе постоечко работно место кое набрзо ќе се ослободи и за кое работодавачот презема активни чекори за вработување и е подготвен да преземе понатамошни, дополнителни чекори за изнаоѓање соодветен кандидат однадвор. Слободното работно место треба да биде јавно објавено како слободно и треба да е планирано да се пополни веднаш или по одреден период, а за оние слободни работни места за кои е потребна согласност од надлежен орган, таа треба да биде добиена. Работното место се смета за слободно сè додека се преземаат активни чекори за пронаоѓање соодветен кандидат.

Стапката на слободни работни места претставува однос помеѓу слободните работни места и збирот на слободните и пополнетите работни места, искажан во проценти.

## 3.5 Статистичка единица

Деловен субјект кој припаѓа во секторите од Б до О од Националната класификација на дејности - НКД Рев.2 и кој има три или повеќе вработени.

## 3.6 Статистичка популација

Сите деловни субјекти кои припаѓаат во секторите од Б до О од Националната класификација на дејности - НКД Рев.2 и кои имаат три или повеќе вработени.

## 3.7 Референтна област

НТЕС 3 (статистички региони)

## 3.8 Временска покриеност

Од првото тримесечје на 2012 година.

## 3.9 Базен период

# 4 Единица на мерење

Број на лица, стапка (%).

# 5 Референтен период

Тримесечје (15-ти во секој месец)

# 6 Институционален мандат

## 6.1 Законски акти и други договори

**Национални:**

Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20) и Програма за статистички истражувања 2018-2022 („Службен весник на Република Македонија" бр. 22/18 и 224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/20 и 300/20).

**Меѓународни:**

Регулатива ЕЗ бр. 453/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2008,

Регулатива ЕЗ бр. 1062/2008 на Комисијата од 28 октомври 2008,

Регулатива ЕЗ бр. 19/2009 на Комисијата од 13 јануари 2009.

Методологија за статистика за слободни работни места, I и II Интернационална работилница, Евростат, 2010

## 6.2 Споделување на податоци

Временска серија за тримесечни податоци: од прво тримесечје 2012 година преку eDAMIS до Евростат.

## 7 Доверливост

## 7.1 Доверливост - политика

Податоците се индивидуални податоци, заштитени со Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx.

Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може исто така да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и се уште необјавени податоци. Политиката за статистичка доверливост http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=32 ги содржи основните начела што се применуваат во Државниот завод за статистика.

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за статистички цели. При објавувањто на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување статистичка доверливост.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|

| 8.1 | Календар на објавување |
|---|---|

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување кој се објавува на веб-страницата на Државниот завод за статистика.

Календарот на објавување се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

Календар на објавување http://www.stat.gov.mk/Kalendar_nov.aspx

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Во согласност со политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници, кои се информираат од Календарот на објавување и ниеден корисник нема привилегиран третман.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Тримесечна

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Тримесечно соопштение: “Слободни работни места“

https://www.stat.gov.mk/pdf/2021/2.1.21.17_mk.pdf

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

Не е применливо, податоците од СИ не се објавуваат во тематска публикација.

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

МАКСтат - база на податоци достапна на веб-страницата на Државниот завод за статистика.

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Бројот на прегледи на табелите од базата МакСтат е 268.

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Во согласност со Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22 , податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот.
Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.

## 10.5 Друго

Податоците од истражувањето се испраќаат во Евростат и тие се објавени на веб-страницата на оваа институција.

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошките објаснувања се достапни на веб-страницата на Државниот завод за статистика. http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=112&rbrObl=14

## 10.7 Документација за квалитетот

Метадата податоци за 2021, од ДЗС, http://www.stat.gov.mk/Meta_godini_v2.aspx
Број на прегледи на метадата = 2.
Извештај за квалитет за 2020, од ДЗС, до
Евростат https://ec.europa.eu/eurostat/cache/metadata/EN/jvs_esqrs_mk.htm

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Посветеноста на Државниот завод за статистика за обезбедување квалитет на производите и на услугите е содржана во: Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx , Стратегискиот план на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=6 , Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=24 како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот за работа на европската статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2 .
Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување квалитет се документирани во интерен документ Насоки за обезбедување квалитет на статистичките процеси.
Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот Упатство за менаџери на статистички истражувања.

## 11.2 Оценка на квалитетот

Подготвен е извештај за квалитет во формат ESQRS, кој е испратен до Евростат преку ESS Metadata Handler.

## 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Податоците од ова истражување се користат за следење на макроекономските движења и политики на пазарот на трудот. Стапката на слободни работни места, заедно со стапката на невработеност, се користи за евалуација, подобрување и разбирање на целокупната ситуација во однос на вработувањето во земјата. Податоците за слободни работни места, обработени според економската активност и големината на претпријатието, се користат за анализа на нивото и структурата на побарувачката на пазарот на трудот. Главни корисници на овие податоци се:

- **Национални корисници:** Влада на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика, други државни органи, медиуми, Бизнис заедницата.

- **Меѓународни корисници:** Евростат.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Државниот завод за статистика ја спроведува Анкетата за мерење на задоволството на корисниците http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=33 . Оваа анкета е спроведена во 2009, 2012, 2015, 2017 и последната во 2019 година.

## 12.3 Комплетност

Анкетата за слободни работни места е целосно во согласност со ЕУ-регулативите што се однесуваат на статистиките за слободните работни места. Во однос на индикаторите кои се предвидени со ЕУ-регулативите наведени во концепт 6.1, ДЗС обезбедува 100% од нив.

## 13 Точност и веродостојност

### 13.1 Севкупна точност

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

### 13.2 Примерочни грешки

**Детекција на аутлаери:** Детекцијата на аутлаери се врши посебно за пополнети работни места, посебно за слободни работни места со користење на одреден праг:

- Ако претпријатието припаѓа во групата на претпријатија со помалку од 10 вработени (во времето на избор на примерокот), тогаш тоа претпријатие се смета за аутлаер ако бројот на пополнети работни места е поголем од 49 или бројот на слободни работни места е поголем од 9.
- Ако претпријатието припаѓа во групата на претпријатија со 10 - 49 вработени (во времето на избор на примерокот), тогаш тоа претпријатие се смета за аутлаер ако бројот на пополнети работни места е поголем од 99 или бројот на слободни работни места е поголем од 49.

Аутлаерите се третираат на тој начин што им се дава пондер со вредност 1.

**Коефициент на варијација** за слободни и пополнети работни места за 2021 година (во %)

| 2021 година | T1 | T2 | T3 | T4 |
|---|---|---|---|---|
| Пополнети работни места | 1.6 | 1.6 | 1.7 | 1.8 |
| Слободни работни места | 11.9 | 7.0 | 5.2 | 5.6 |

Пресметката на коефициентот на варијација е со употреба на PROC SURVEYMEANS.

### 13.3 Непримерочни грешки

**Грешки при мерење:** Извештајните единици се известуваат со испраќање на автоматска порака од еСтат системот на ДЗС за електронско прибирање на податоци. Собраните податоци се контролираат во ДЗС заради постоење на одредени грешки.

**Грешки при внес:** Внесот се прави директно од страна на деловните субјекти преку еСтат системот. Во системот се вградени логички и математички контроли, а податоците се контролираат и по завршување на прибирањето. Извештајните единици кои доставиле нецелосно пополнети извештаи, т.е. постои неодговор на белег, се контактираат телефонски со цел да се обезбеди бараниот податок. За намалување на грешките се прават контроли на собраните податоци, повторни контакти со давателите на податоците за проверка, коригирање или дополнување на одговорите во прашалникот. Намалување на неодговорот се постигнува со повторни јавувања, праќање е-пораки и прибирање на податоците преку телефон/е-порака.

**Грешки при неодговор:** Стапка на неодговор на единица за 2021 по тримесечја изнесува (во%):

| Т1 | Т2 | Т3 | Т4 |
|---|---|---|---|
| 43.9 | 47.8 | 46.5 | 48.3 |

## 14 Навременост и точност

### 14.1 Навременост

Податоците се објавуваат најдоцна 60 дена по истекот на референтниот период (Т+60).

### 14.2 Точност

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на објавување.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво и на ниво на региони. Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така е обезбедена споредливост бидејќи податоците се прибираат во согласност со европските регулативи.

### 15.2 Временска споредливост

Обезбедена е споредливост на податоците од прво тримесечје 2012 година, без прекин во временската серија. Бројот на референтни периоди во временската серија е 40.

### 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Направени се споредби на податоците на микрониво со податоците од „Истражувањето за вработени и плати“. Исто така се прави споредба на податоците за пополнети работни места од ова истражување со податоците за бројот на вработени од „Анкетата за работна сила“.

## 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство.

## 16 Трошок и оптовареност

Оптовареноста на давателите на податоци се контролира со начинот на избор на примерокот.

## 17 Ревизија на податоците

## 17.1 Политика за ревизија на податоците

Во согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25 .

## 17.2 Практика за ревизија на податоците

Податоците кои се објавуваат се дефинитивни податоци и не се прави ревизија.

## 18 Статистичка обработка

## 18.1 Извори на податоци

Анкетата за слободни работни места е примерочно истражување. Примерокот е стратифициран случаен примерок и како стратификациони варијабли се користат НКД-секторите и бројот на вработени во претпријатијата: 3-9 вработени, 10-49 вработени, 50-249 вработени, 250+ вработени. Големината на примерокот е 3764 деловни субјекти. Извештајни единици се деловните субјекти.

## 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Тримесечна

## 18.3 Прибирање на податоците

Податоците од истражувањето се прибираат врз база на примерок, со метод на самопополнување во статистичкиот прашалник "Анкета за слободни работни места" (АСРМ) преку системот за електронско прибирање на податоци (еСтат) и преку пошта.

## 18.4 Проверка на податоците

Во веб-формата за внес се вградени математички и логички контроли во системот еСтат. Исто така се применуваат и дополнителни валидациони правила кои не се дел од логичката контрола при внес на податоците со цел да се подобри квалитетот на податоците. Податоците се проверуваат и на агрегирано ниво, односно се прави споредба и анализа со податоците од претходен референтен период.

## 18.5 Компилирање податоци

Агрегираните податоци се добиваат со пондерирање на податоците од примерокот. Пондерирањето се врши со користење на естиматорот Horvitz-Thomson, т.е. пондерот е еднаков на инверзијата на веројатноста на избор на избраниот елемент. Конечниот пондер се добива со множење на пондерот со коефициент за прилагодување за неодговор.

| **18.6** | **Прилагодување** |
|---|---|

Не е применливо, не се врши прилагодување на временската серија и сезонско прилагодување на податоците.

| **19** | **Коментар** |
|---|---|

| **A.1** | **Анекси** |
|---|---|